РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-41/4
05.03 2021 год.
Свети Николе

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 5 и член 123 став 1 и 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), а во согласност со Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе број 0901-141 од 12.02. 2021 година, донесена од Градоначалник на општина Свети Николе, Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе објавува:

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

## за избор на директор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе

За директор на јавна детска градинка може да биде именувано, односно избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во член 142 од Законот за заштита на децата е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во член 136 од Законот за заштита на децата, за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник, социолог и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и минимум пет години работно искуство по дипломирањето, поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)- најмалку А2 (A2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First)- положен, БУЛАТС (BULATS)- најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS)- најмалку ниво Б2 (B2) и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Со пријавата кандидатите треба да ги достават следните документи:

- Уверение за државјанство,
- Лекарско уверение,
- Уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,

- Уверение дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осуден за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскрнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласно со закон е утврдено дискриминаторско однесување,
- диплома за завршено соодветно високо образование,
- потврда за работно искуство,
- меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик и
- важечка лиценца за директор за установа за деца.

Покрај наведените документи кандидатот потребно е да достави и Програма за работа на јавната Установа.

Огласот трае 5 работни дена со денот на објавување во дневните весници.

Изборот ќе се изврши од страна на Градоначалникот во рок од 15 дена сметано од денот на добивањето на предлогот доставен од Управен одбор.

Потребните документи да се достават до Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе, ул. „Кочо Рацин" 41 2220 Свети Николе.

**Претседател на Управен одбор на**
**Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева"-**
**Свети Николе**
**Павле Јованов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Јавна општинска установа за деца-детска градинка „РАХИЛКА ГОНЕВА" СВЕТИ НИКОЛЕ